


## ШТО Е ПОТРЕБНО ДА СЕ НАПРАВИ ВО СЛУЧАЈ НА НАСТАНУВАЊЕ НА ШТЕТА НА ВОЗИЛА КОИ ИМААТ КАСКО ОСИГУРУВАЊЕ

### А. Кога треба да се известат надлежните служби при МВР за настаната незгода ?

| I Потребно е да се повика полиција во следните случаи: | II Не е потребно да се повика полиција ниту да се состави Европски извештај во следните случаи : | III Потребно е да се изготви Европски извештај во следните случаи : |
|---|---|---|
| 1. Сообраќајна незгода (Меѓудругото ,под истото се подразбира и : -оштетување настанато на паркинг од страна трето лице – (познато или непознато) – освен во случаите наведени во точка 1 графа II - оштетување настанато при удар на животно на пат -оштетување настанато при излетување од пат или удар во банкина | 1. Мали оштетувања (мали гребатинки на каросеријата или брис на браник или слично), настанати при паркирање или на паркирано возило | 1. Во случај на сообраќајна незгода во која се исполнети условите за примена на Европски извештај согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Согласно постојните законски прописи, Европски извештај се пополнува кога се исполнети следните услови : - Да е настаната мала материјална штета (да не се оштетени витални делови за управување на возилото) - Да нема повредени лица - Возилата учесници во незгодата да се регистрирани и осигурани - Возилата учесници во незгодата да се со Македонски регистарски ознаки - Возачите учесници во незгодата да поседуваат валидна возачка дозвола - Возачите учесници во незгодата да не се под дејство на алкохол или психотропни супстаници |
| 2. Пожар | 2. Паѓање или удар од некој надворешен предмет | |
| 3. Надворешно термичко или хемиско дејство | 3. Удар на гром | |
| 4. Експлозија | 4. Луња | |
| 5. Паѓање на воздушни летала | 5. Град | |
| 6. Манифестации и демонстрации | 6. Снежна лавина | |
| 7. Провална кражба,противправно одземање на возилото или разбојништво | 7. Поплава, порој или високи води | |
| 8. Злонамерни постапки или обест на трети лица | | |

### B. Што друго е потребно да се направи на лице место при констатирање на настанатата штета ?

- Осигуреникот е должен да преземе мерки за настанување и намалување на настаната штета.
- Пожелно е осигуреникот да направи фотографии од лице место на незгодата, односно на возилото.

### C. Во кој рок осигуреникот е должен да ја пријави настанатата штета ?

- Осигуреникот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена по дознавањето на штетата, “истиот е должен” да ја пријави настанатата штета до Ц.

**Важна информација :**

*Горенаведените податоци се од информативен карактер и служат исклучиво за објаснување на осигурителниот продукт . За да се информирате подетално во врска со Вашите права и обврски што произлегуваат од осигурувањето, Ве молиме консултирајте ги важечките Услови за комбинирано осигурување на моторни возила, кои се објавени на веб страната на СИГАЛ ИНШУРЕНС ГРУП АД Скопје и Агенцијата за супервизија на осигурување , како и условите наведени во Вашата осигурителна полиса, кои се правно обврзувачки за сите договорни страни.*